# Корисничко упатство

## Статистички веб-портал

# НБСтат

## Содржина

1. Изберете табела ..... 2
2. Изберете променлива ..... 4
   2.1. Променливи ..... 4
3. Прикажете табела ..... 5
   3.1. Промени во приказот на табелата ..... 6
      3.1.1. Опции за вредности и редослед во табелата ..... 7
      3.1.2. Опции за зачувување на табелата ..... 10
      3.1.3. Опции за приказ на табелата ..... 11
      3.1.4. За табелата ..... 12
      3.1.5. Поставки за табелата и зачувување на пребарувањето ..... 12
4. Практични примери ..... 13
   4.1. Практичен пример 1 ..... 13
   4.2. Практичен пример 2 ..... 16

Статистичкиот веб-портал на НБРСМ претставува алатка за изготвување и преземање податоци од базата на податоци на НБРСМ. Статистичкиот веб-портал е PX Web решение приспособено според потребите на НБРСМ, а е наменето за корисниците на статистички податоци.




До статистичкиот портал се пристапува преку следнава интернет-адреса: [http://nbstat.nbrm.mk/](http://nbstat.nbrm.mk/)

При пристап до веб-порталот, опцијата за промена на јазикот се наоѓа во горниот десен агол (погледнете ја сликата подолу).




Процесот за изготвување и преземање податоци содржи три чекори:




## 1. Изберете табела

Базите на податоци се поделени според области:

- Екстерни статистики;
- Монетарна статистика и статистика на каматните стапки.

Областа екстерни статистики ги содржи следниве категории податоци:

## Екстерни статистики

- Платен биланс
- Официјални девизни резерви и девизна ликвидност
- Меѓународна инвестициска позиција
- Директни инвестиции
- Портфолио-инвестиции
- Надворешен долг
- Ефективен девизен курс

Областа монетарна статистика и статистика на каматните стапки ги содржи следниве категории податоци:

## Монетарна статистика и статистика на каматните стапки

- Монетарна статистика
- Статистика на каматните стапки

Секоја категорија содржи различни поткатегории со временски серии податоци, коишто се поделени по структурата и фреквенцијата на податоците. На пример, Платниот биланс содржи месечни, тримесечни и годишни податоци, каде што месечните податоци се поделени на:

## Екстерни статистики

- **Платен биланс**
  - **Платен биланс - месечни податоци**
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, агрегирани податоци, по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, стоки и услуги, по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, примарен доход, по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, секундарен доход, по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, капитална сметка , по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, финансиска сметка, по месеци
    - Платен биланс на Република Северна Македонија, ставки на меморандум, по месеци
  - Платен биланс - тримесечни податоци
  - Платен биланс - годишни податоци
- Официјални девизни резерви и девизна ликвидност
- Меѓународна инвестициска позиција
- Директни инвестиции
- Портфолио инвестиции
- Надворешен долг
- Ефективен девизен курс

## 2. Изберете променлива

По селектирање одредена табела – серија податоци, како што е означената Платен биланс на Република Северна Македонија, агрегирани податоци, по месеци на горниот пример, ќе се појави следниов екран со можност за избор на променливи:




### 2.1. Променливи

Достапните променливи коишто ќе бидат прикажани во одредена поткатегорија зависат од структурата на ексел-табелата којашто се создава за конкретните податоци. За користениот пример, филтрите се по:

- Ставки (листа на променливи коишто корисникот сака да ги анализира);
- Валута (во милиони евра, милиони САД-долари);
- Месец (листа на месеците за кои има достапни податоци).

Корисниците може да ги селектираат ставките (променливите) коишто сакаат да ги анализираат, посакуваната валута и временскиот период (во случајот месеци). Повеќе полиња од една променлива може да се селектираат со задржување на копчето „Ctrl“. Достапни се повеќе копчиња за помош при селектирање на податоците:




По избирањето на достапните полиња по променливи, следува чекор за изготвување на табелата. Во долниот лев агол се наоѓа опаѓачко мени со достапни формати за приказ на податоците:




## 3. Прикажете табела

Доколку корисникот одбере Табела – Приказ 1 за одбраните ставки 1.а. Прилив и 1.б. Одлив, во валута милиони евра за последните 12 месеци, би требало да се прикаже следниов резултат:




**Платен биланс на Република Северна Македонија, агрегирани податоци, по месеци**

| | Милиони евра | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018M04 | 2018M05 | 2018M06 | 2018M07 | 2018M08 | 2018M09 | 2018M10 | 2018M11 | 2018M12 | 2019M01 | 2019M02 | 2019M03 |
| 1.а. Прилив | 664,61 | 714,07 | 683,02 | 770,37 | 770,99 | 745,91 | 827,90 | 776,61 | 783,56 | 590,96 | 666,60 | 755,22 |
| 1.б. Одлив | 669,66 | 669,33 | 698,87 | 700,02 | 711,68 | 679,76 | 840,63 | 768,76 | 885,81 | 650,83 | 729,87 | 794,56 |

Доколку, пак, изборот за приказ беше на <u>Графикон – Столпчиња</u>, се очекува следниов резултат:




Доколку корисникот ја одбере опцијата <u>Графикон – Линија</u> се очекува следниов резултат:




Преку анализираното опаѓачко мени постои опција и за зачувување на податоците во форматите .xlsx, .csv и .px.

## 3.1. Промени во приказот на табелата

При избирање на полето „Продолжи понатаму", достапни се проширени опции од наведените за промени во приказот на табелата преку одбирање на опаѓачките менија во горниот дел на прозорецот „Прикажете табела" со изготвен резултат (табела или графикон), како на следнава слика.

Копчињата за кратенки го означуваат следново:




| | 2018M04 | 2018M05 | 2018M06 | 2018M07 | 2018M08 | 2018M09 | 2018M10 | 2018M11 | 2018M12 | 2019M01 | 2019M02 | 2019M03 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.а. Прилив | 664,61 | 714,07 | 683,02 | 770,37 | 770,99 | 745,91 | 827,90 | 776,61 | 783,56 | 590,96 | 666,60 | 755,22 |
| 1.б. Одлив | 669,66 | 669,33 | 698,87 | 700,02 | 711,68 | 679,76 | 840,63 | 768,76 | 885,81 | 650,83 | 729,87 | 794,56 |

### 3.1.1. Опции за вредности и редослед во табелата

Преку првото опаѓачко мени од алатката може да се направат низа промени во приказот и редоследот на вредностите во табелата. Подолу се прикажани опциите, како и пример на начинот на извршување промени кај дел од опциите.




- Ротирајте рачно;
- Ротирајте во насока на стрелките на часовникот;
- Ротирајте обратно од стрелките на часовникот.




Доколку корисникот одбере рачно да се ротираат горните променливи (ставката во колони наспроти валутата и месецот во редови) се очекува следниов резултат:

**Платен биланс на Република Северна Македонија, агрегирани податоци, по месеци**

| | 1.а. Прилив | 1.б. Одлив |
|---|---|---|
| Милиони евра | | |
| 2018M04 | 664,61 | 669,66 |
| 2018M05 | 714,07 | 669,33 |
| 2018M06 | 683,02 | 698,87 |
| 2018M07 | 770,37 | 700,02 |
| 2018M08 | 770,99 | 711,68 |
| 2018M09 | 745,91 | 679,76 |
| 2018M10 | 827,90 | 840,63 |
| 2018M11 | 776,61 | 768,76 |
| 2018M12 | 783,56 | 885,81 |
| 2019M01 | 590,96 | 650,83 |
| 2019M02 | 666,60 | 729,87 |
| 2019M03 | 755,22 | 794,56 |

- Променете го редоследот на вредностите

Утврдување на редоследот на вредностите според една од трите видови на променлива.




- Променете ги децималните места

Можно е да се одбере промена на децималните места, каде што треба да се внесе број од 0 до 6.

**Променете ги децималните места**

Внесете го бројот на децимали коишто сакате да бидат прикажани и притиснете „Продолжете"

Број на децимали (0-6)

Продолжете | Откажете

- Избришете вредност;
- Избришете променлива;
- Променете го текстот;
- Променете го текстот / приказ на кодот;
- Процент;
- Соберете променливи вредности.

Како пример за напредна опција е собирање променливи вредности од табелата.

**Соберете променливи вредности**

Изберете вредности коишто ќе ги соберете

- Ставка
- Валута
- Месец
- Соберете ги сите вредности | Соберете ги избраните вредности

Збир | Откажете

**Соберете променливи вредности**

Име на новата вредност: Вкупно - година

Збир | Откажете

Доколку корисникот одбере да се соберат сите вредности од променливата месец за 2018 година и за име на новата променлива внесе „Вкупно – година“, се очекува следниов резултат:

**Платен биланс на Република Северна Македонија, агрегирани податоци, по месеци**

| | Милиони евра | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018M01 | 2018M02 | 2018M03 | 2018M04 | 2018M05 | 2018M06 | 2018M07 | 2018M08 | 2018M09 | 2018M10 | 2018M11 | 2018M12 | Вкупно - година |
| 1.а. Прилив | 601,41 | 623,41 | 571,64 | 664,61 | 714,07 | 683,02 | 770,37 | 770,99 | 745,91 | 827,90 | 776,61 | 783,56 | 8.533,50 |
| 1.б. Одлив | 644,24 | 617,68 | 679,02 | 669,66 | 669,33 | 698,87 | 700,02 | 711,68 | 679,76 | 840,63 | 768,76 | 885,81 | 8.565,44 |

- Одземете променливи вредности;
- Поделете променливи вредности;
- Помножете променливи вредности.

### 3.1.2. Опции за зачувување на табелата

Преку второто опаѓачко мени во приказот на табелата се содржани опциите за зачувување на табелата.



Зачувувањето на податоците може да се направи во следниве формати:

- PX – file;
- Excel workbook (xml);
- Excel workbook (xml) со код и текст;
- Одвоени со јазиче со наслов;
- Одвоени со јазиче без наслов;
- Одвоени со запирка со наслов;
- Одвоени со запирка без наслов;
- Одвоени со простор со наслов;
- Одвоени со простор без наслов;
- Одвоени со точка и запирка со наслов (csv);
- Одвоени со точка и запирка без наслов;
- Html file (html);
- Relational file (scb);
- Excel (xlsx);
- Excel (xlsx) со колона за код и текст;
- JSON-stat file (json);
- Html5 table (html);
- Json file (json).

### 3.1.3. Опции за приказ на табелата

Како што видовме погоре табелата може да се прикаже во повеќе визуализации, каде што повеќе промени во приказот може да се направат и преку третото опаѓачко мени.




Приказот е возможен преку следниве форми на визуализација:

- Табела – Приказ 1;
- Табела – Приказ 2;
- Графикон – Сортирано;
- Графикон – Столпчиња;
- Графикон – Надредени столпчиња;
- Графикон – Надредени столпчиња 100%;
- Графикон – Хоризонтални столпчиња;
- Графикон – Надредени хоризонтални столпчиња;
- Графикон – Хоризонтални столпчиња 100%;
- Графикон – Линија;
- Графикон – Столпчиња и линија;
- Графикон – Популациона пирамида;
- Графикон – Пита;
- Графикон – Површински;
- Графикон – Надредени површини;
- Графикон – Надредени површини 100%;
- Графикон – Со точки;
- Графикон – Радар;
- Фусноти;
- Информација.

### 3.1.4. За табелата

Информации за табелата, фусноти и детали за контакт може да се видат со селекција на делот „За табелата“ во горниот дел на прикажаниот прозорец.




### 3.1.5. Поставки за табелата и зачувување на пребарувањето

Во делот „Поставки за табелата“ може да се направи избор за прикажување на сите редови во табелата или сокривање на редовите коишто содржат само нули, „-“ или точки.

Во делот „Зачувајте го своето пребарување“ се наведени опции за зачувување и ажурирање на сочуваното пребарување, како и формат за зачувување на пребарувањето. Со избор на полето „Заврши“ се појавува врска којашто може да се испрати по електронска пошта со избор на полето „Испрати е-пошта“.



## 4. Практични примери

### 4.1. Практичен пример 1

Каква е состојбата на директните инвестиции за дејностите рударство и екстракција и производство во Република Северна Македонија во 2016 и 2017 година?

→ Почеток: Селектирај табела

Примерот покажува како да изберете табела од областа што ве интересира.

1. Селектирајте област на интерес: Директни инвестиции;

2. Селектирајте: Директни инвестиции – Состојби;

3. Селектирајте: Состојба на директни инвестиции во Република Северна Македонија, по дејности;



→ Следен чекор: Изберете променлива

Следно што треба да направите е да селектирате од дадените променливи што се дадени во опаѓачките листи:

1. Изберете од листата на првата променлива – Дејност: Рударство и екстракција, Производство;

2. Изберете од листата на втората променлива – Валута: милиони евра;

3. Изберете од листата на третата променлива – Година: 2016 и 2017;

4. Изберете од листата на четвртата променлива – Ставка: Вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија;

5. Притискате на копчето „Продолжете".

Состојба на директни инвестиции во Република Северна Македонија, по дејности



→ Финално: Прикажување на табелата

Откако се избрани променливите, се прикажува табелата:

Состојба на директни инвестиции во Република Северна Македонија, по дејности.

1. Ако ви се потребни дополнителни информации и дообјаснувања на податоците, кликнете на копчето: За табелата како на сликата.

2. Табелата што е прикажана на екранот може да се зачува во повеќе формати: .xlsx, .csv, .px, .json, итн.




| | Милиони евра | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| | 1.Вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија | 1.Вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија |
| B0995 РУДАРСТВО И ЕКСТРАКЦИЈА | 116,66 | 77,02 |
| C3395 ПРОИЗВОДСТВО | 1.685,60 | 1.717,98 |

## 4.2. Практичен пример 2

Какво е движењето на паричната маса и нејзините компоненти
во Република Северна Македонија во последните 5 месеци?

→ Почеток: Селектирајте табела

Примерот покажува како да изберете табела од областа што ве интересира.

1. Селектирајте област на интерес: Монетарна статистика;

2. Селектирајте: Монетарни и кредитни агрегати;

3. Селектирајте: Парична маса и нејзините компоненти;



→ Следен чекор: Изберете променлива

Следно што треба да направите е да селектирате од дадените променливи што се дадени во опаѓачките листи:

1. Изберете од листата на првата променлива – Ставка: ПАРИЧНА МАСА, Готови пари во оптек, Депозити кај депозитните институции;

2. Изберете од листата на втората променлива – Месец: 2019M01, 2019M02, 2019M03, 2019M04, 2019M05;

3. Од опаѓачкото мени изберете – Графикон - Линија;

4. Притискате на копчето „Продолжете“.



→ [Финално: Прикажување на табелата]

Откако се избрани променливите, се прикажува графиконот:

Парична маса и нејзините компоненти

1. Ако ви се потребни дополнителни информации и дообјаснувања на податоците, кликнете на копчето: За табелата како на сликата.

2. Графиконот што е прикажан на екранот може да се зачува во форматот .png, .gif и .jpg.




*Извор: Народна банка на Република Северна Македонија*


Контакт

Е-пошта: contact.statistika@nbrm.mk

Телефон: 02 3215 181 локал 103 (или 110/108)